РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 15-1458/7
07-04-2023 20 год.
СКОПЈЕ

**До**
Проф.Др.Слободан Милошевски
Бул,,Партизански Одреди бр.171Б/2-11
Скопје

**Предмет**: Известување

Почитувани,

Во врска со спроведениот Конкурсот за избор на идејно решение за **изработка на биста леана во бронза (подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје) на Мите Костов Папули,по пат на Постапка со преговарање без објавување на оглас** , а согласно со Решението за избор на најповолен понудувач, потпишано од Градоначалник на Општина Кисела Вода, Ве известуваме дека Вашата понуда заведена под архивски број 15-1458/6 од 30.03.2023 со шифра „Стела", од авторот Проф.Др.Слободан Милошевски е избрана за најповолна (прво рангирана) со прва награда во висина од 35.000,00 денари.

Комисијата за спроведување на постапката за избор на идејно решение и **изработка на биста леана во бронза (подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје) на Мите Костов Папули**, откако детално ги разгледа предлог – конкурсните трудови – бисти од гипс (или еквивалент со височина од 65 до 70см широчина од 50 до 60см. и длабина 25 до 30см.), едногласно оцени дека конкурсниот труд под реден број 3, шифра „Стела", најмногу ги изразува уметничко - естетските елементи оригиналноста и впечатливост во уметничкиот израз на делото ,вградени и препознатливи во ликот на Мите Костов Папули-долгогодишен претседател на лига на Власите во Македонија, Вице претседател на светскиот Совет на власите во Париз-Франција, член на Хелсиншки комитет за човекови права, иницијатор за формирање на влашкиот јазик во основните училишта и на Филолошки факултет-Скопје и иницијатор за формирање на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

Претседател на Жири комисија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Иван Митровски